# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Понеделник 07 Ноември 2016 година Број 11/2016 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
|---|---|---|

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за доделување општински признанија и награди по повод празникот "6-ти Ноември - 72 година од ослободувањето на Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за доделување општински признанија и награди по повод празникот "6-ти Ноември -7 година од ослободувањето на Радовиш, бр. 08-1724/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 04.11.2016 год.

Бр. 09-1724/2 Градоначалник на
07 Ноември 2016 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 5 и член 8 став 2 од Одлуката за востановување општински награди и признанија, бр.08-262/1 од 08.07.1997 година, измена и дополнување на Одлуката бр. 07-1470/1 од 20.08. 2010 г. и измена и дополнување на Одлуката за востановување општински награди и признанија број 07-990/1 од 20.05.2013 год.
Советот на општина Радовиш на ден 04.11.2016 год. Година, донесе

## ОДЛУКА
За доделување општински признанија и награди по повод празникот "6-ти Ноември-72 години од ослободувањето на Радовиш

Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат : Шестоноемвриски плакети за празникот "6-ти Ноември 72 години од ослободувањето на Радовиш".

Член 2

-Фолклорен ансамбл Ацо Караманов
За повеќе decениски придонес во зачувувањето на традиционалните вредности и афирмација на општина Радовиш

-Фолклорен ансамбл Китка
За повеќе децениски придонес во зачувувањето на традиционалните вредности и афирмација на општина Радовиш

-Фолклорен ансамбл Бучим
За повеќе децениски придонес во зачувувањето на традиционалните вредности и афирмација на општина Радовиш

-Фолклорен ансамбл Подарешани
За повеќе децениски придонес во зачувувањето на традиционалните вредности и афирмација на општина Радовиш.

-ЗИГО ШПЕД ДООЕЛ Радовиш
За 25 години успешно работење и придонес во стопанскиот живот во општина Радовиш.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-1724/1 Совет на општина Радовиш
04 Ноември 2016 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на советот на општина Радовиш бр. 08-1826/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 05.11.2015 год.

Бр. 09-1725/2 Градоначалник на
07 Ноември 2015 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 08.10.2015 г., донесе

ЗАКЛУЧОК
За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш

I. Се прифаќаат Извештаите на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден на 04.11.2016 год. и тоа:

-Комисија за награди и признанија 14-та седница одржана на 31.10.2016 год.

II.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1725/1 Совет на општина Радовиш
04 Ноември 2015 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за доделување општински признанија и награди по повод празникот "6-ти Ноември - 72 година од ослободувањето на Радовиш------------------------------------------- 1
ОДЛУКА За доделување општински признанија и награди по повод празникот "6-ти Ноември-72 години од ослободувањето на Радовиш ---------------------------------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш ---------------------------------------------- 2
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш---------------------------------------------- 2